Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-3935/9

Дата: 26.07.2024 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр.11/15 и 35/18 и "Сл. весник на РСМ" бр.303/20),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат за унапредување

I. Во врска со интерниот оглас бр.04/2024 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на ден 08.07.2024 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,

за работно место- со шифра УПР 01 01 В01 000, Советник за средно образование, во Одделение за образование и спорт, во Сектор за образование и спорт..............1 (еден) извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **Марија Камчева.**

II. Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

## О б р а з л о ж е н и е

Во член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), предвидена е постапка за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас.

Согласно Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр. 11 од 26.01.2015 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на Р.М.", бр. 35 од 23.02.2018 година) и ("Сл. весник на Р.С.М.", бр. 303 од 21.12.2020 година),

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 08.07.2024 година објави интерен оглас број 04/2024.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.04/2024 за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за средно образование, во Одделение за образование и спорт, во Сектор за образование и спорт..............1 (еден) извршител, со решение бр.04-3935/6 од 23.07.2024 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно записникот бр.04-3935/7 од 25.07.2024 година за административна селекција на кандидати и записникот бр.04-3935/8 од 25.07.2024 година за спроведување на интервју, изготви финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интервјуирани кандидати за работното место Советник за средно образование, во Одделение за образование и спорт, во Сектор за образование и спорт, во Општина Кавадарци.

Согласно член 52, став (1) од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), по добивањето на предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Изработил:Флорина Делова
Контролирал: Надица Алексова
Одобрил:Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Секретар
Тодор Ефремов


Арх.Бр. 04-3935/

Дата: ___07.2024 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk